**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП-I бр.25-67
01-06-2015 .05.2015 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 21 став 7 од Законот за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр.88/08, 119/10, 36/11, 136/11 и 164/13) и Правилникот за користење на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери („Службен весник на Република Македонија" бр. 173/11), постапувајќи по барањето на правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје УП-I бр.25-67 од 20.05.2015 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери**

1. СЕ ДОНЕСУВА **Решение за Друштвото за технички испитувања, сертификација и технички прегледи ЕуроЦерт ДОО Скопје** за исполнетост на условите за вршење на технички преглед пред ставање во употреба, редовно периодично испитување и вонредно периодично испитување на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери.

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување и ќе важи до исполнување на условите од член 23, 24, 25 и 26 од Законот за техничката инспекција.

## О б р а з л о ж е н и е

Правното лице ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје, согласно член 21 став 2 од Законот за техничка инспекција поднесе барање бр.03-27/2 на 14.04.2015 година за утврдување на исполнетост на условите за вршење на технички преглед пред ставање во употреба, редовно периодично испитување и вонредно периодично испитување на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери до Државниот инспекторат за техничка инспекција. Државниот инспекторат за техничка инспекција по спроведената проверка на приложената документација, согласно член 21 став 4 од Законот за техничката инспекција, до Министерството за економија на 19.05.2015 год. под број УП-I бр.25-67 достави известување за исполнетост на условите за вршење на технички преглед пред ставање во употреба, редовно периодично испитување и вонредно периодично испитување на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери бр.09-935/1 од 15.04.2015 година, и барањето со целокупната документација на правното лице ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Известување за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодииспитување на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери од Државниот инспекторат за техничка инспекција бр.09-935/2 од 13.05.2015 година;

- Сертификатот за акредитација бр ИТ-024 од 29.01.2014 година со важност до 28.01.2018 година и Прилог кон сертификатот за акредитација на инспекциското тело од 08.04.2015 година;

- Доказ за тековна состојба на ДТИСТП „ТЦИ Еуроцерт" ДОО-Скопје бр. 0809-50/150120140082793 од 01.12.2014 год. издадено од Централен регистар на Република Македонија;

- Доказ за осигурување од одговорност од дејност од АД„Осигурителна полиса" Скопје – Полиса бр. 130280003316 со траење до 27.01.2016 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија бр. 0904-50/150120140029898 од 24.04.2014 година;

- Список на стручен кадар кој учествува во испитувања на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери бр 03-27/3 од 14.04.2015 год.;

- Доказ за постојано вработен стручен кадар (копии од обрасците М1/М2) и доказ за стручноста за: дипл.ел.инж.Тони Трајчев и дипл.ел.инж. Душко Спировски; дип.маш.инж.-Горан Николовски; дипл. маш.инж. Никола Поцев и дипл. маш.инж. Драган Стефанов.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за техничката инспекција и Правилникот за користење на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери утврди дека барањето е основано.

Согласно доставената документација се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**
**Bekim Neziri**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА